

# Моите забелешки во интернетот

**2017**

# Среќна Нова година

gordan 29.12.2016



И така, дојде време да се разделиме од “ХТМЛ“ и да се фрлиме у нови води.
Дали ќе се удавиме, времето ќе покаже.
Ама од сега натаму ќе пробувам да направам нешто од ова.

Предходната интернет презентација, на која работев од 2012 – 2016 можете да ја посетувате и понатаму преку адресата:

ristovski.ch/rg12

# почеток

gordan 03.01.2017



# ој Коледе, Коледе….

gordan 05.01.2017

Да "срееќна Нова година".
И сега во најновата, најсреќната, најбериќетната година редно е да си посакаме сѐ најубаво и најного здравје и успех.
Ама од друга страна, зар тоа не го направиме лани?
И ај сеа да се преслушаме дали се оствари тоа ???
Помина една година (2016) како илајдници други. За мене година со ногу, ногу убави моменти и една година, прва, трагична, во која загубив еден од најмилите човеци, татко ми. Да лесно е да се каже ќе се сеќаваме на убавите моменти, ама празнината???



Ама ајде, ќе се надеваме и колку што може ќе работиме да оваа година биде подобра. Ќе работиме и ќе се надеваме дека кога тогаш ќе ја сватиме суштината на животот и нема да се возбудуваме и вознимеруваме кога ќе видиме како се тркалат не логични работи од типот, "ве фанаме на лагата, ама шибај бе – најдобар си"!
Да додека во Македонија се одбраа пак тие човеци да ја водат државата за кои колку толку имаше (и има) сумња дека не работат најчесно, во Швајцаријата повторно (по којзнае кој пат) Фолксваген (VW) е најпродавана марка на

автомобили и покрај тоа шо е и докажано дека лажеле при продажбата
Значи и во новата година, тиа шо најубаво знаат да се "спакуват" најубаво ќе се "продадат".
И не помина ни една недела, а ете ги молбите за помош за болните, неправедно осиромаштените, за …
Добро бе човеци зошто ми правите да имам лошо чуство. Да се чуствувам како "без душа"?
Ама од друга страна, како да го мотивират човек да даде пари кога гледаш како се трошат пари. Македонија, цела година се спремат избори. Се делат дневници и на тиа шо работат и на тиа шо не знаат ни каде е собранието.
Светот, за Роналдо (демек најдобар фудбалер) кинезите сакале да дадат и 300'000'000 евра (или долари), ЧОВЕЦИИ! Со просечна плата во Швајцарија за тиа пари човек треба да работе 5'148 години!
И уште колку такви примери да се кажат…
Друга работа, најмодерна. Од сите страни апели да не се "трошат" пари по забави, да не се горат дрва за Коледица, да не се пеат пагански песни пред Бадник, абе ти да видиш еден свесен Народ!!!
Само да не се ниа сликичките на фацебукот од скијачките центри, од европските градови, од делењето на признаници, од доделување на благодарници, …
СРЕЌНА НОВА ГОДИНА

п.с. покрај сите апели за нерасипништво, за време на Новогодишните празници се прошетаме до поблиското странство. И таму шо ќе видиш, моонополи, монополи … не бе, цркви! Секое поголемо село по Европа има по којзнае колку цркви. Изградени во време кога можеби некои немале ни шо да јадат… Дали тоа било мерка на тоа, колку кој град/село бил богат или колку биле

исподелени човеците. Се надевам дека еден ден (ако не се растопе морската пења) исто така човеци од странство ќе идат у Скопјето и ќе ни се чудат на таквоата.

# Паралелен Свет ?

gordan 11.01.2017

02/2017

Пред неколку години, кога интернетот беше уште у "пелени" и од фацебукот и јутубето ни "ф" немаше, најглавна занимација за губење време беше гледањето у кутијата наречена телевизор. Јас обожавав серии, филмови од "научнофантастичен карактер". Па така ја гледав и една серија "Sliders – Das Tor in eine fremde Dimension", во слободен превод од американско/германско "Лизгачи – портата за во една туѓа димензија". Неколку човеци со помош на една направија се префрлаа (лизгаа) од еден во друг паралелен Свет. Нормално тоа сето е фантастика, у тоа нема ни ронка наука. Ама побудуваше мисли од стилот "како би живеел јас во некој друг Свет?". Мислите поминуваа во соништа, а соништата у есапи. Јас, во мислите и соништата, не се сп'згав помеѓу повеќе светови туку повеќе се сп'згав по овој Свет ама по друга временска "оски". Шо ќе беше да го завршив факултетот кој го почнав? Шо ќе беше да остане у Кумуналец да работам? Шо ќе беше да сум дошол у Швајцарија 10 години поранно? Шо ќе беше да Тато ја прифатил понудата и наместо у Кавадарци, сум пораснал во Охрид? Шо ќе беше … , еден куп такви мисли. АМА на крајот, секогаш сум ја гледал реалноста околу мене и сум бил среќен шо ете мене и моите најмили нѐ има баш у овој Свет и у воа време.
Понекогаш, мислам дека некои човеци меѓу нас се од друг Свет или барем "изгубени во времето и просторот", па повторно ми идад тие мисли дека некаде мора да има паралелен универзум. А понекогаш мислам дури, дека и виа Свет е цел измешан. Или брем не се врте по иста временска оска. Додека некаде времето тече линеарно во напреден смер, на друго место се врте у круг (ѓоа пуфеш у гаќи ). Еве на пример снегот.



У Швајцаријата заврна снег. Тиа во скијачките центри му се израдуваа, ги уклучија лифтовите и среќни ги чекат гостите. Тиа шо го чистат снегот по патиштата, улиците, тротоарите, паркинг плацовите, ги запалија машините, го "сотр'а" снегот од таму кај шо смета.
И еве денеска, слушајќи го радиото, најголем проблем е тоа шо ФИФА рекла дека од 2026 година наместо 32, ќе учествуваат 48 нации, ПА ЧОВЕЦИТЕ ЌЕ ТРЕБЕЛО НОГУ ПОВЕЌЕ СЛИКИЧКИ ЗА АЛБУМИТЕ СО ФУДБАЛЕРИ ДА КУПУВААТ !!!!! СТВАРНО ЛИ Е ТОА ПРОБЛЕМ !?!?!?
У Македонијата заврнало снег. Со денови улиците и патиштата не биле исчистени. Со денови у Кавадарци немало вода. Со денови се расправа кој е виновен шо заврнало снег. Со денови се бара кој ги зел парите за чистење на не исчистил. И нормално, ќе мора да се најде кривец, по име и презиме. А у сета таа работа снегот или мразот ќе си остане таму кај шо смета се додека од мака не се растопе.
И у ова замрзнато време, а и секогаш кога по улиците на Кавадарци имаше мраз и "сп'згавици" (и ако не се сеќавам на ногу работи од моето детство –

прашај те ги Мама и Зока ) во мислите ми иде дедо Мане, да Мане Бегнишки, ниа "и Црна е матна ама и Мане е итар", он секогаш у такви услови преку чевлите навлекуваше чарапи, да не се сп'зга и не веруваше дека човеци на лизгалки се движат па и пирувети прават на мраз, "сенки баго мата, се сп'зглае по мраз, ја со чарапи на чевлите це утепам, они се сп'згале!", беше неговиот коментар кога ќе видеше како гледаме уметничко лизгање.
Тоа беше крајот на 70-сетите години од минатиот век – е толку е Македонија напред отидена, да уште чарапи за преку чевли треба.

# Темел ?

gordan 06.02.2017

03/2017

“Дека си бе Гого, стара куќо“, пред некој ден на еден од тиа состаноците на “дијаспората“, го слушнав после којзнае колку години.
Интересни се тиа состаноци, се сретнуваш со човеци кои ретко ги гледаш, а те врзува тоа шо од прилика во исто време си ја напуштил Југославија (Македонија)
И баш таа “стара куќа“ и денешните нови технологии ме окупираат, еве веќе неколку дена. Куќата веќе стварно остарела, ќерамиите не се изпопаѓани, ама обелени. Тука и таму некое ментуше шкрипе, ама уште мрдат. И стврано е “проширена“!



Новите технологии веќе наголемо се упикаа у нашето секојдневие па и ваа “стара куќа“ не е поштедена од тоа. Интернетот, е-маилот, мобилните телефони, до некаде ги следев. Ама веќе фацебукот, вибер скипе и слично, сѐ потешко наоѓат месту у ваа “стара куќа“ која и ако проширена тешко наоѓа место за нови работи.
Иначе “куќата“ почната да се гради у втората половина на минатиот век. На пресно ослободено поле и со комунистичка атмосфера. У темелот беа уградени љубов, респект и почит кон повозрасните, лојалност према властите, малку социјална мисла и ногу перспектива и надеж за убаво утре. Со годините како

куќата растеше (и се прошируваше ) така се надградуваше со историја, општество, природа и ред други работи, ама на тиа темели.
Па така денеска имам ногу проблеми со разбирање и прифаќањето на чаовеците кои ги уништиле темелите (или и во општо ги немат) и сета градба им е монтажна , преместлива, преправлива – зависно “кој ветар дува“.
Секојпат кога читам некои си искази т.е. “постови“ со сурова, нечовечна и глупа содржина на тие социјалните мрежи, си мислам “колку требе да си и самиот трул и да имаш скапана душа за да вреѓаш некое друго суштество, па макар и

човек било?“
Нормално не се сите со исти мислења како тебе, ама ако некој инаку мисле и работе нешто шо мислиш дека е грешка, тоа не е дозвола да го вреѓаш. Таканаречени “интелектуалци“ вреѓаат сè и сешто шо не име по “нивно“ .
А “куќата“ некако има проблем со варосувањето на новата историаија, на доградба за нови темели и пред се страв од копање и промена на темелите… Може ќе остане ваа “куќа“ стара градба, ама кога тогаш може ќе доприме до историиска заштита.
Тука на ова место, по кој знае кој пат, ќе напишам – до сите ниа шо на “фацебукот & со.“ лаат по властите, вреѓаа комшии и роднини, и се силат каа се анонимизирани зад мониторот: “Добро бе РЕВОЛУЦИОНЕРИ! Каде сте у реалниот Свет??? На секое идење во Поранешната Југословенска Република Македонија гледам само “свадби и забаваи“, седења по кафенињата, и туфкање у место!!!

# Трипун, традиција, тертип

gordan 15.02.2017

14ти февруари, ден кога се слави Свети Трипун, ден кога се подсетувам на човеци, Трајко, Ристо.
Македонија, земја на Народ кој сака традиции. Па така нешто и по третпат ако се случе, ОП! одма тоа е “ТРАДИЦИОНАЛНО“. И сега нормално традицијата е убава и добра работа, ама па мора ли да биде каа пред 20, 30, 50 години? НЕ! Македонскиот Народ традиционално ги прилагодува традициите на потребите, светските збиднувања и космичките влијанија.
Св. Трипун, знам, грешка е. Сега се вика Св. Трифун. Ама денот на кој Тато сам, или со тетин Ристе, ќе отидеа на лозјето, ќе а закопаа парата од погачата која се кршеше за Бадник, ќе закроеа ако е работна ден, или ќе поработеа дури можат ако е викенд – е тиа ден, баба тиа ден ни го кажуваше дека е Свети Трипун.
Денеска “ТРАДИЦИОНАЛНО“ Св. Трипун е веќе Св. Трифун (тоа со координација на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија) па традицијата на закројување и со тоа почнување на теренските работи во лозарството се претвара во МАНИФЕСТАЦИЈА на презентирање на “којачи“ од политиката, дипломатијата, естрадата, и уште шо ли не, пред сите електронски и електрични медиуми и пред собраните верници и партиици. А да! поповите на тиа ден исто така се супер активни, сега веќе кога црквата стана десна рака на државата или обратно, не смеат да се криат зад ноа “тоа е забрането од државата“…



Ете, и ние Македонците во дијаспората, го одбележуваме празникот на виното, ракијата, грозјето, лозарите или на шо беше??? Св. Трифун, може да се рече веќе "ТРАДИЦИОНАЛНО". За закројување, се наоѓа по некоја лоза, а најногу настрадуват кубаските и ќебапите. Нормално како Македонец си обврзан да ја негуваш традицијата – било каде и да си!!! Па така ракија кај Славе, вино кај Велин и со "бистра" глава дома. Оти виа тукашните чичко милицајци не разбират од Св. Трипун и ТРАДИЦИЈА.
И бидејќи Св. Трифун па и тукашниот Св. ВалентаАаајн, уште не се државни празници, си работеме. Но во духот на Св. Трифун ја кастреме оградата – маказите да секат важно!!! Си работеме не толку креативна работа ама пак за тоа има време да се подсетиш на двајца доста креативни човеци кои не напуштиле на овој ден. Ни на едниот, ни на другиот не му стиснав ни лике или ни ноа РИП – ама ете вчера беа подолго во моите мисли, па си вртев "фимови" за моменти кои и ако не толку ногу, сум имал чест да бидам во нивно друштво. Слава им.
И така додека "ТРАДИЦИОНАЛНО" убавите човеци прерано не напуштаат, ни мора да се расправаме со човеци кои сај брзат! Демек нивната работа/мисија е најважна на светот. И секогаш наново се сретнуваш со ноа традиционалното "ама знаиш, тоа е ногу битно одма да се сврше, направе. Немаме време за чекање." И од кога ќе а свршиш работата за нив, одкажувајќи се од твоите потреби. НИШТО.
Ни едно фала, ни едно добро, го добиме тоа шо ни го прати…
Ебати тертипот.
Исто така една друга работа ме натера да размислувам за традиционалното ценење на туѓото и на "преправеното". Бегањето од основите на традициите, на основите на сите работи и поминување на ценење на работи кои се "нашминкани", сензационализирани, и јако фарбани … "ТРАДИЦИОНАЛНО" ќе си патиме.

# дрво

gordan 21.02.2017

А нема.
А нема тополата која со години се спротивставуваше на ветровите, дождовите, времињата и невремињата и на фокусот на моите фотокамери…



# (Ø)

gordan 23.02.2017

И така. Сѐ се движи, сѐ се менува… а плус тоа и ништо не е вечно



Утринското сонце само моментално и површински направи да се чуствувам подобро. Денови кога не ти е јасно шо е суштината на животот.





Тополата која со години одолеваше на ветровите, снеговите, сдуденилото, сушата, … не успеа да и се спротиставе на наострената моторна пила – отиде… Остана, празен (брисан) простор кој ќе треба време да помине за да го "навикниме"

Така и човеците кои заминуваат од нас оставаат празнина која пробуваме да ја наполниме со спомени и слики. Тешко оде!

Па така рамнодушен те оставаат и вестите од стилот шо нашле планети на само 378'400'000'000'000 km од Скопје, или шо некои шупелкари го уништуваат тоа парче земја шо си го рачунаш за татковина.
А од друга страна тоа е во срштта на секој народ па и на
ВЕЧНИОТ, БИБЛИСКИОТ, МАКЕДОНСКИОТ е стремење кон самоуништување

Ама ајде, утре е петок, работен ден, ќе отидиме на работа и ќе го разбистриме мозокот од непотребни мисли.

# Владата нема да падне!!

gordan 27.02.2017

05/2017
Топло кафе со ракија, некоја чашка шира, бомбони, горбии, музика, маски, … и а исплашиме зимата!
Знамиња, малку ракија, малку говор, … и а управиме Македонија.
Прошетка, кафе, користење на зимското сонце…  и си направиме убаво на душата.
Понеделник, ете не пак на работа и животот продожува во нормала. Помина викендот на разни активности, едни се забавуваа, други уживаа, а некои се "бореа" за опстанок на Македонија. И секој на свој начин задоволен.



Една мудрост вика "Глупиот ги повторува грешки, паметниот уче од грешките, а мудриот уче од грешките на другите". Па така си се чудам како не го научиме ова. У денешно време кога сите грешки се на "www" и кога сите имат пристап и можност да ги видат тиа грешки, стварно ми е чудно како упорни ги повторуваме истите грешки?
Македонија, средина на февруари месец. За една невесела и непланирана работа сме у Македонијата. Мотивацијата беше у минус па ниту едена фотокамера не зедов со мене. Беше време кога сакаме да остане само запаметено…
А во зимо, без снег имало толку "прекрасни" работи да се фотографиират. Голата природа неможе да ја скрие човечката глупост. Немаше лисја да ја

сокријат “човечката интервенција во просторот" која во разни бои, големини и форми трепереа на зимското сонце. Браќа и сестри Македонци, следниот пат нуму па да се жалите како природата е немилосрдна и како “Господ не нѐ сака"!!! Сите лафат за згаденоста, за нечистотијата, а ќесиња и шишиња летат низ територијата на цела Поранешна Југословенска Република Македонија. Воздухот бил загаден, а во оѓините од шпорињата и казаните завршува сѐ шо не е поцврсто од железо!
Швајцарија, при крајот на месецот. “Ова не го очекував од тебе", беше заклучокот на телефонскиот соговорник кој ми го кажа ова одкако му кажав дека немам интерес да одам на демонстрации/протест/манифестација во Женева.
Во северниот сосед (од Македонија рачунато) викат “прешао сам сито и решето". Јас у виа 25 и кусур години, не да сум поминал сито и решето, туку имам поминато и неколку здрави рибања. Поголем дел од мојата “мудрост" ја стекнав од сопствените грешки, а чат/пат си дозволувам и да самиот размислам, да не зимам здраво за готово на тоа шо ми го сервираат. Ете и овој пат докажаме дека Македонците сме експерти во стварања на здружениа…
Во прекрасната Швајцарија на времето имаше една “Заедница на Македонските друштва". И оти Македонците традиционално се најпаметни, секој сакаше да неговата најпаметност е исправна па се подели заедницата и оп ете ти “Форум на Македонските друштва". После почнаа да се дели секој на ваши и наши, се штампат нови друштва, организации, асоцијации … и на крајот – јас, тате и бате.
Ете денеска седам тука штракам по воа лаптопот (дури не сум го испразнил мозокот), штракам, наместо да одам да го сменам лагерот па да почне сепарацијата да работе…
Ама пусто Македонски, прво нашето си го гледаме.
И така, “караваните ќе си одат, кучињата ќе си лаат…" , нашите ќе одат на демонстрации, па вашите ќе одат на демнстрации, политичарите ќе си се ладат со нас и ќе си наплаќаат дневници, ќе ни продаваат топла вода, по болниците ќе се влечат болни за ништо, во приватните болници докторите ќе “жнеат" како ќе пу прдне на курот, ќе ни прават споменици и трибини, ќе си возиме по патишта со дупки, ќе се нервират шо некој не ги исчистил од снегот, нема да му текнува дека неговата кола а коче машината а чистење снег, ќе викаме како не иструа со авиони, ќе фрламе пластики у оѓинот, ќе се бориме да остане Македонија, ќе зимаме бугарски пасоши, … и на крајот за сѐ е владата крива. Ама за среќа владата нема да падне – ВЛАДА НЕМА!

# Отварање на очи

gordan 10.03.2017

06/2017

9-ти март. Тоа ти е исто каа “второ место". Никој ни го памте, ни го лафе. Никој??? Е не е баш така. Еве за мене е “врежан датум".
Средина на осумдесетите години од минатиот век. Во Кавадарци, Македонија, СФРЈ, ЖИВЕЕМЕ ние, децата, една безгрижна генерација. Дали имало

проблеми, не памтам, тоа го осетиле нашите родители. Наши проблеми беа да фаниме место у ресторантот каде на еден телевизор гледаме филмови од "VHS" касети (и квалитет) и да вечерта околу 7 – 8 саатот не испуштиме собранијата пред "Дечките" и "Палма". Тоа место, пред "Дечките" и "Палма", беше место каде сѐ се разбираше. Немаме ни мобилни, ни интернети, едноставно у 7 пред "Палма" и собирај/дели информации – прави муабет!!!
Една таква вечер, на 9-ти март !!! (година не памтам ☺ ама мислам беше 1984), Пепи другарот ни поклони на сите другари по едно шише оригинално грчко УЗО !!! Таа вечер или ден одел за Валандово и некаде попат налетал на некоја "грчка сканија" превртена до патот која носела УЗО, па да "помогне" при расчистувањето го напнил "сто кецот" колку собирал кутии.
И така таа вечер, јас си го испив моето шише, и после два дена неможе да се свестам. Сум пробувал јас и пред тоа ракии, та у подрумот секогаш имаше 500 – 600 литри, ама никоја не беше толку "благичка" и мирилива… па подлажан од "мекото" узо – дрепа. (после само знам, дека година и пол покасно, се возев со воз од Скопје за Ниготно и каа "намирисав" узо у возот – пак си повратив…)



И така 9-ти март влезе во мојата историја како значаен датум.
Поминале после уште ногу 9-ти мартови, ама секој 9ти март се сеќавам на моето прво пианство, здраво.
И еве сега, 9-ти март 2017. Има препозиции да биде "втори" 9-ти март.
Преди некоја година, имаме веќе и мобилни и интернет, а по еден разговор со Данијела разбрав дека имало и Фејсбук!!!
Па јас, како технички надарен ☺ , си викам ај да видам шо е тоа. И така полека полека почнав да го разбирам и употребувам фацебукот. На почетокот така само по некоја сликичка, некој збор шо работам за да после утврдам дека е инересен за комуникација.
Па со годините се зголемуваше бројот на "фејсбук приатели", најголемиот дел од моите фотографии ги презентирав преку фејсбук, за да со времето и самиот приметам дека ногу време "губам" на фацебукот.
Да, поголемиот дел од слободното време го поминувам пред компјутерот, а тука пак тоа се сведува на прегледување на фацебукот.
Имав јас покушаи да го намалам користењето, ама шо да правиш тогаш?
Да седам пред телевизорот и да гледам "супер ѕвезди", "супер таленти" или супер глупости???
Секој пат кога некој на тоа супер заебанциите ќе видам шо јавно се глупира пред милионска публика, се прашувам: "добро бре да а, виа нема ли, мајка,

татко, комшија, приател, другар, нешто, некој кој ќе му каже дека не го бива за таа работа и да не се глупира?"
И така дојде момент кога и мене ми рекоа: "ти немаш ли друга работа, туку седиш на фејсбук и пишиш глупости".
А бидејќи тоа беше кажано од човек шо го сакам и ценам, ме натера да размислам, (неколку моменти) и стварно утврдам, шо ми требе таа работа.
И ете, од 9-ти март 2017, фацебукот е оставен од мене. Нека некој друг пишува глупости таму, нека други таленти стават лајкови и такви работи.
Гого од 9-ти март 2017 ќе го користи интернетот како шо знаеше и пред чичко Цукерберг да ни влезе у ваквоата.
Моите "глупости" може да ги читате тука.

Моите фотографии можете да ги прегледувате:

http://foto-gogo.ch/

http://www.fotocommunity.de/user_photos/1314339

https://www.instagram.com/ristovski.ch/

https://www.flickr.com/photos/foto-gogo/

А  пренос на слики шо мрдат:

https://www.youtube.com/user/kavadar66

https://www.youtube.com/user/makedoniumch

А за комуникација, како у времето пред фацебукот, преку телефон, СМС, Е/маил, пошта, …

# дожд

gordan 08.05.2017

08/2017

И пак наа старата шема.
У април ни пуштија лето, а сега у мај месец (на почетокот) ќе се удавиме у дожд и магли.
Си мислеме ОП! не важи наа старата "мотор не се возе у месец со Р", и уште у апРил го извадиме моторот, направиме нколку стотици километри и сега моторот па у граажта, а јас си гледам како капките прават кругчиња у вирчињата.
Недела, ден планиран да се оде до аеродромот у Цирих, па така не ногу "врло

веома‟ мотивиран, а спакував и фотокамерата па правец Цирих, си викам ќе прошетам по најголемото село у Швајцаријата узпат.
Ама и таму дожд. Убаво во тоа беше шо у такви временски (не)прилики се наоѓа паркинг место без проблем ☺
И така шетам колку може под среите на тиа монополите и гледам дека само тиа шо мора се по улиците. Добро ниа кососоките не морат, ама платиле да се шетат по Европејсите држави, па шаврат и сликат врнело не врнело / знае ли некој како се вика на кинески ‟пењавил се, не пењавил – пари су давал‟???

И оти немаше лезет да се фотографира, штрак 5 – 6 пати и ајде патот под нози, правец аеродром. Таму стигнат порано, ајде туа да направиме некое слико! Ама изгледа денот не беше за тоа – да се фотографира, некако тегаво. Па си седнав на една клупа и ги пратам човеците од сите врсти како шпартат по тоа аеродромот.
Има човеци, секакви. Од сите сорти, и бели и црни, и кососоки.
Има такви шо брзат некаде, има такви шо не знаат каде брзат, има ‟изгубени‟.
А кога ќе го уклучиш увото ќе слушниш разни јазици. Човеците лафат на познати и непознати јазици, мене ми се најинтересни наи шо лафат на јазици кои и они не ги знаат т.е. се прават ‟атик‟, а ‟по муцето му се познава дека е од Кавадарци‟!! И така седиш и си филозофираш, каде тргнал, каде оде и до каде ќе стигне светот.



Преди 20 и кусур години на тиа ист аеродром имаше едно 50 -60 ‟чек ин‟ шалтери, сега сигурно има едно 500, плус кој знае колку ниа апаратите сам да си се чекираш… и после они мене ќе ми расправат мојта кола дали ја загадувала човековата околина !?!?!? Добро бре да , виа авионите на маџун ли одат???
И така каа ќе поразмислиш подолго, ќе установиш дека Светот е тргнат .., море поточно речено – забеган.

Денот го заокружиме со една средба на Македонци, кои демек сакаме да и помогниме на нашата татковина Македонија.

Пред некоја година бе на матурска прослава, 30 години од матурата. И нормално имаше човеци шо не су ги видел и не ме виделе 30 години. Тука преовладуваше наа: ‟ееее, немаше да те познаам‟ (тоа за мене!)
а ги имаше и ниа коментари ‟ееее, ист си, ич не си се променил‟ (тоа за некои

други). Нормално виа вторите подобро ќе се чуствуват, ТИКВИ! Јас бев дури горд шо некои "немаа да ме познаат". Успех ли е тоа 30 години ако не се смениш???
30 години, тоа се 10 000 и кусур денови. И ако тиа денови не оставиле секој свој печат…

Така и со средбата на МАКЕДОНЦИТЕ во Швајцарија. Неколку години избегавав секакво "групирање на национално-политичка база" и си викам можеби ќе биде добро повторно да поработиме на Македонцките работи. НИШТО, пак верглање у место, каа пред 20, 10, 5 години.

Тоа ти се вика традиција!

# Траќање од земја и у место…

gordan 21.06.2017

Масовна заинтересираност, или заинтересирана маса!
Феноменот кој неможам да си го разјаснам еве веќе неколку години, дивее по Македонијата и Балканските простори.
За сè нешто сите се заинтересирани, а шо е уште поголема … дека и СИТЕ се експерти од таа/тие области.
Пред некој ден една група на прекрасни човеци, »Тиквешки точакџии« организираш настан на кои беа поканети сите љубители на точаците и на планинарењето. Организирани и средени патеки за возење со точак и означени патеки за пешачење. И нормално дека секој еден ќе најде некоја "скриена пасија" во себе и ќе се најде у сета таа гужва.
Јас исто имам еден (или 3 – 4 точаци сè на се) ама од 8-мо одделение веќе не се рачунам точакџија, велосипедист или такво нешто. И мислам колку и да сум во можност јас нема да одам на »АЛШАР«, не е тоа мојот свет.
Секако е убаво и за пофалување кога ќе се собере маса на народ по некој повод и на човеците од »Тиквешки точакџии« им посакувам уште помасовни собири и шо може повеќе. Ама исто така ќе ги потсетам тиа шо одат само да стават слико на фацебукот (со пиво во рака) да се преслушат самите себе си.
Еве ваа недела иста собранија у Маврово, другата недела на друга ридчика…
А дете да видиме да се возе со ниа на Џиро или Тур… ќе почекаме.



Исто така наеднаш – сите ракометни експерти обожаватели, навивачи, фанови … и уште шо не?!?!
Само за тоа шо некој клуб од Скопје победил некаде! И оп, сите во чуство на велесила! А преверил ли некој колку, од тиа деца играле ракомет у Скопје, Карпош, Бутел, Чаир ??? или барем у Драчево?
А да со тоа ТРЕБА секој Македонец да се гордее! Кириличното писмо во Русија е со потекло од Македонија!!! Докажано и признато од пријателот на Македонскиот Народ господинот Путин!
И како да е тоа малку, некој докажал!?!? дека сето човештво потекнува од Балканските простори, а оти тука Македонија е најстара нормално дека од Македонија.
Да, живеев и растев (ова ќе го кажам по 7458 пат) у Југославија. Среден и задоволен од моите родители. Освен некои недостижни соништа, ништо не ми фалело. Идоли немав. Моја песна не. Пеач/пеачка јок. Од музика слушаме сѐ шо мислеме дека е арно. Да постанам како некој, никогаш не сум сонувал. Моите ме научиле, изгледа уште у тоа време, дека јас сум си господар на мојто земско постоење.
Затоа не сум навивал ни за Вардар, ни за Пелистер. А уште помалку за Ѕвезда или Партизан или Хајдук. Уште тогаш не ми било јасно, како и ден денеска, зошто јас би се гордеел или радувал на успехот на некој друг – обично непознат човек / екипа?!?!?
Јас си се радувам на моите успеси и достигнувања, колку и да се мали. Мои си се. Се радувам и се гордеам со успесите на моите најблиски.
А тие достигнувања понекогаш ме враќаат во реалниот Свет. А понекогаш дури ќе те "тратат од земја". Тогаш каа ќе се расониш и ќе прегледаш реално повторно ќе ги сортираш вредностите.
А реалноста… компот.
Како човек да живее у реалност која е нечиј сон или да биде уште пожално кошмар на ногу други.
Реалноста е таа дека у мојата сакана Поранешна Југословенска Република Македонија еве и после 25 и кусур години уште не се појави/роди човек кој стварно ќе биде заинтересиран да направе нешто од тоа парче земја под ова сонце.
Едни не носат у НАТО – а кој кого прашал дали некој сака да оде у НАТО или таму???
Други го преправија Скопјето (со пари од сите) у "Светска (бело..) метропола"! Која недај Боже ако еднаш некоја од тиа пластичните фасади се запале, пола Скопје ќе изгоре!
Трети па се лигават пред белосветските драпаџии и врсконосачи…
… ах мори дуњо, зошто сливи раѓаш???

# а човекот не е камен

gordan 30.06.2017

Од земја у земја, а човекот не е камен.
За неполна година да изгубиш тројца родители ќе те однаде па незнам колку да се правиш атик.
У тиа момент сфаќаш колку човекот е немоќен и небитен. Ќе заминиш и те нема. Другите шо остануваме тиа се тиа шо може да го памтат саканиот човек, да се сеќаваат на неговите зборови, да живеат по патот кој ти го покажале тие шо истотака, може и повеќе, те сакале, дури биле тука…
Да, ќе си викаме, он не гледа одозгора, нѐ пазе. Ама тоа е само тоа шо од него го имаме во нас, шо ни го оставил во подсвеста, во душата…
Пред неколку години за прв и единствен пат отидоме да го видиме селото каде е роден тато.
Патот никогаш не нѐ носел во Мрзен Ораовец, па така во мојот живот само еднаш сум бил таму.



Тато дали не сакаше, дали немаше време, дали не му текнувало да не однесе и да ни каже каде е роден, тоа никогаш веќе нема да го разбериме. Тоа и многу други работи шо не дојде ред да разберам, си заминаа од овој Свет заедно со него.
Во секој случај тоа единствено посетување на неговото родно село во тоа време ми побуди доста заинтересиранос и среќа.
Но сега, кога го "враќам филмот" и ги гледам фотографиите од напуштеното и разурнато село уште повеќе создава празнина во мене.
Камења, еден куп камења од кој се гледа дека некогаш биле темел на една куќа. Куќа која здомила фамилии на мои предци. Сега е само куп камења.
Нема куќа. И Тато не е тука. И така.
Се испразни и друга куќа. Не е срушена. Ама…
Шо било? Шо ќе биде? Шо ќе остане?



# караваните си одат, кучињата си лаат …

gordan 28.08.2017

И ете, уште еден привремен престој во татковината помина.
Кавадарци лето Господово 2017.

И покрај тоа шо ногу не се радуваме на одењето, човек секогаш се надева дека убаво ќе си помине. Првиот контакт, така. Радосен што се сретнуваш со сакани, мили човеци. Ама каа ќе прошеташ помеѓу куќите, по тоа шо треба да биде џаде или тротоар, одма ми паѓа на памет наа од Зоран, мојот приател од Косово кој на времето како ученик идел у Кавадарци да заработе некој динар со берење на грозје, а не посети пред некоја година: "Оно твоје Кавадарци, стварно пропало… "
За Кавадарци, неможам да кажам дека е пропаднато или уназадено. Оно помалку дури и се граде и лепе. Ама кога Светот се движе со 100, а Кавадарци едвај со 14, изгледа како да стое или оде назад.
Има, има покушаи да се напаве нешто, ама тоа е сè на индивидуална база, не координирано и пред сè од лична корист. Така да на Кавадарци ако не му се случе нешто радикално, ќе си тапка у тоа место у "втора спора".
Ете, идат локални избори и можеби кавадарчани еднаш ќе излезат од политичката заслепеност и послушност и ќе одберат човек од ковот на Борис Давидов или па дури и Борис Давидов. Човек кој сака да направе нешто за градот и "граѓаните", а не само за жиро сметката.
Ама тоа е "научна фантастика" како што е научна фантастика за кавадрачани да си "сметат" у дворот и пред двор!
У Кавадарци има и убави работи. Ете една група на човеци кои се нарекуваат културни работници, во Домот на културата организираат безбројни разноврсни манифестации. Ама кај се вистинските љубители на уметноста? Или уметноста е

осудена на пропаст у таа политичка вртелашка?
Има едно место – две, можеби и три, каде човек може да испадне и културно да помине вечера и дружење. Ама има и од оние, кои успехот му излива преку аргантност. Дека парата и успехот ударат у мозокот, знаиме, ама нели бива барем да се поздравиме, до пред некоја година беме "другари" …
Па така моето уживање како и секогаш до сега, се надевам дека и во иднина ќе го продужиме на булевар Македонија… рај да си тераш.



Да, беме и во древниот град Охрид, колевката на словенската писменост и култура. И да, ни не одиме заради охрѓани, туку заради езерото и црквите ☺

Стварно е интересно како сите тие положници на писменоста и културата, не оставиле на тоа место и малку срдечност.
Јас мислам дека секој охриѓанец уште од мали нозе, а можеби и у школото, го учат како професионално да избегне да поздравува.

Ама како шо кажав, "не одиме ни за охриѓани, туку за езерото и црквите" ☺



Забележително беше, шо и после ноа шарената револуција, промена на власта, ништо се нема сменето, или пак е наа старата, "караваните си врват, кучињата

си лаат… “ а Македонскиот народ чемрее под паролата “ќути, има и полошо” Интересен е и нагонот за профит и “не ме интересира ништо шо се случува околу мене а подалеку е од пред нос“.

А им толку убави работи. До душа ете мене, како на крстен православен христијан ми смета шо треба да платам за влез у црква ама ако г. г. чичко поп така кажал, еве нека биде по негово.
Па така и Охрид забегува и се изгубува во политичките и економските игри и шеги на поединци. Има големи шанси да од колевка на словенската култура помине во депонија на неписмени бизнисмени…
И сета Македонија, таа Библијска земја. Постанува сѐ повеќе крава за м’зење за лични потреби на неколку лигавеши…
Па се лутиме оти иделе човеци од преку 7 мориња и 7 гори и ќе се населуват тука на таа света земја.
Епа тиа, шо ги “избркаа“ стотиците илјади млади “со знаењето е сила, знаењето е моќ“, нека се замислат и може ќе им текне, едно вирче каа ќе се исуши, има пак место за нов дожд….

# Екскурзија на …

gordan 25.09.2017

Во Социјалистичката Федеративна Република Југославија имаме еден интересен момент наречен “Научна екскурзија“. Не памтам дали у градинката правеме “Научна екскурзија“, ама од прво одделение, па до трета! година средно, секоја година имаме такво. И деца каа деца, сме се радувале на тие екскурзии повеќе одколку на Дедо Мраз. Целта на тиа “Научна екскурзија“ беше да децата нешто ново видат и разберат. Во недостиг на “WWW“ ќе те качат у реисот и оп пред споменикот у Крушево, Прилеп, Крагуевац, Јесеновац … и каде не.  Имаше и посети, на во тоа време успешни фабрики и фирми, од Таска до Црвена Застава.
Ногу работи од тиа “Научни екскурзии“ ми се заборавени и изоледени, еве не го памтам Сраево. И ред други работи. Ама некои работи ми останале у подсвеста и никако не се бришат и не се забораваат. А една работа ме опседнува во последно време се повеќе и повеќе. Како 3 – 4 учители не расправале нас  100

деца??? на тие подолгите екскурзии и неколку денови!
Дали учителите биле ногу спремни или децата имаме респект и страв од нешто? Од тиа екскурзии ми остана ноа да чекам ред со ред. Тогаш не истреѓираа да кога чекаме на влез у музеј, фабрика или било каде, дваца по двајца си чекаш ред и стоиш мирен.

Бугарскиот пасош и работата во ‶европејска‶ држава не те прават покултурен па макар и од село да си! Ќе набавиш пасош, ќе најдиш стрина да те ‶донесе‶ у странска држава, ќе ти најдат работа да може да си купиш сокинати фармерки (нови, модерни) ќе најдиш лак и фарби да се дурдисаш, ама културата и простатилокот не се ‶шминкат‶. Тоа човек или го има или го нема, нема пудра шо може тоа да го покрие.  Ако родителите и учителите во школото и на ЕКСКУРЗИИТЕ  дури си бил теле не ти уградиле култура и респект, каа ќе станиш ВОЛ (или крава) ни ‶WWW‶, ни турски, ни шпански серии не ти помагат.

Приателски, услужлив, гостопримлив … така ние Македонците си се декларираме во Македонија, Светот и пошироко. БРАВО НИЕ!



Септември, лето Господово 2017-то.  Си правиме ‶Научна екскурзија‶ на прифатно, до Течино, јужниот италијанско говорен кантон у Швајцаријата. Цел на екскурзијата посета на Македонската  црковна  општина, пикникот кој го организира црковната општина по повод ‶Мала Богородица‶ , а на еден мастраф и ужување во ‶јужното есенско сонце‶.

Црква каа црква, попот испеа, секој си запалиме и од кога попот го благослови ручекот и ни посака приајтен ручек, до тогаш мирниот, спокоен, услужлив верник се претвара у ловец! Ѕвер! Во ‶борба‶ за пленот (чорба, која а има во количини да се нахранат барем двојно повеќе од колку што сме присутни) се претвараме во машини со цел да се допре попрв од другиот…
Финти шо ни најаките стратези и војсководачи ги немат у своите шеми. Респект, почит, приателски – шо беше тоа???

И после ќе се мислиме оти НАС ни се случува  тоа шо се нарекува политичка некултура.
Па види шо ‶кадар‶ имаме! И тиа шо се борат за фотеља не се ништо поарно од овие шо се борат за чорба. И на едните и на другите толку му спакувале од дома и толку прифатиле у школото.
Ниту ‶WWW‶ ниту околината во која живеат не успеала да ги контаминира со култура и респект.

Поминувачка нека има.

И додека по парковите и шеталиштата низ Македонијата "пријателскиот и гостољубив" народ уништува до последно шо некој ставил, клупи, корпи, цвеќина, во некој предели не така далеку "растат" библиотеки по парковите, ако случајно на некој му е дојдено "преку курац"  од "WWW"

Затоа правите повеќе "Научни екскурзии" и помалку "екскурзии со паметот" ☺



# "Каа мува без глава"

gordan 17.10.2017

Каа мува без глава, тоа доста често го слушам од мама. Секоаш каа безцелно се влечеме на лојзто, нè учеше да не се "мааме каа мува без глава" и да мислиме по нешто, каа ќе одиш вода да пииш, не само да го поминиш редот до водата, туку узпат и нешто да "поместиш", дали ќе биде некој ластар да наместиш или подкршиш, дали ќе биде некоја троска да искорниш… Во секој случај не научи да мозокот ни работе нон-стоп и не само концентрирано на една работа.

Покасно разбрав дека некои научници одкриле (незнам како) дека рибата памте само 7 секунди. За мувите уште не сум разбрал дали имат предност, дали се со глава или без. Затоа шо и тиа муви шо се со глава не а "користат". Или како ќе

го претумачиме ноа коа упорно се траќат од џамот, а вратата до џамот отворена???

На 15.10.2017 за мене умре Кавадарци или барем надежта дека Кавадарци ќе биде "убаво место за живеење", како шо вика Марјан.

Да се нема ни трошка храброст, да се нема ни ронка љубопитност, да се нема ни зрнце визија…

Гледаш, со години осеќаш дека те глибат, а ти повторно "навиваш" за нашите, кои како риби забораваат шо обеќале, пред 4, пред 8, … 27години!

На 15.10.2017 кавадарчани ја испуштија шансата, можеби последна, да од градот направат не европски, не светски, (таков град не ни треба), да направат едно културно, пристојно и "убаво место за живеење", по мерка на СИТЕ кавадарчанки и кавадарчани…



Толку од мене за "моето Кавадарци"
можеби сегашните "неки нови клинци" – ќе успеат да од Кавадарци направат "убаво место за живеење", нашите генерации веќе – НЕ.

# сиво е сè…

gordan 16.11.2017

Ноември, 16ти
Есен, магли, ладно … Се топлиме по дома и си ги планираме веќе полека Новогодишните, Божиќните празници. Време на свечени ручоци и вечери! Па така и мојата "традиционална" фотоизложба кај пријателките од ОЖМ-Ш. Со изложбата, немам ногу припреми, фотографии еден куп, има и исштампани, врамени, спремни. Само малку ситно дотерување и изложбата е спремна. Оваа година одлучив да не штампам веќе фотографии, ќе ги издутнам тие две три изложби со веќе спремни фотографии ☺ .
Ама пак, големите подготовки беа лани, за изложбата у Кавадарци. А од тогаш има поминато повеќе од една година,од тогаш има поминато 17 месеци, од

тогаш имам направено плус некоја фотографија… Па така го прегледувам архивот од лето 2016то, па наваму.
ДА, фотографијата е убава работа, разбудува чуства. И сето тоа е убаво дури тиа чуства се убави. Ама кога чуствата ќе бидат само сеќавања на едно убаво време, е тогаш…
Се потсетувам на време кога сѐ беше како што треба, или како шо сме навикнати да е. Време дури сите беме на број.



Ама ете баш таа, фотографијата, денска буди тага во мене. Ги гледам, на фотографиите, саканите човеци кои денска веќе не се со нас. А времето не е којзнае колку 15 – 16 месеци. Ама ми се чине дека е веќе век. Изгледа додека "сите сме на број" ногу и не губиме мисли за другите. Сѐ е како шо треба. Ама еве сега сум конфронтиран се едно чудно чуство. Во тие изминати неколку месеци, нема ден а да не мислам на саканите човеци кои не се со нас, па тоа ми изгледа како вечност. И тука пак почнуват прикаските за смислата на животот. Фотографијата како медиум за искажување на чуствата е стварно интересен. Секој човек Светот го гледа поинаку, како он шо сака. Така гледајќи окулу нас си создаваме Свет кој ние најногу го сакаме. Нормално, ако некои работи за нас се убави не значи дека и на другите им се допаѓаат. Кога на времето, пред скоро 40 години, почнав да се интересирам за фотографијата таа беше за мене "техничка дисциплина". Тогаш рачунав дека добра фотографија е таа шо и е потрефена експозицијата, блендата, а фокусот остар, остар… Преди едно 15 години, кога повторно и се предадив на фотографијата, тука почнав да гледам на фотографијата баш тоа што и денеска пробувам да го направам – да пренесам малку од моите чуства кон околината на човците шо а гледат мојата фотографија.
И тука паѓам на сите конкурси на фотографии.
Моите фотографии во 97,86 % настануваат случајно, без никакви припреми, без никакви планови. И шо е уште по убитачно за на конкурсите, фотографиите никогаш не ги "преправам".
Па така на секој кокурс гледам како нашминканите, ХДР-исаните, фотографии собираат аплаузи.
Ама поминвачка нека има.
И јас така ќе продолжам да си го фотографирам мојот Свет, да си правам мои филмови и да се надевам дека немора да бидам статист у нечии хорор или кстастрофен филм. Оти гледам, има човеци шо стварат филмови на катастрофа,

да не речам апокалипса. И у тиа филмови обично гинат статистите. У тиа филмови се руше Светот на ногу човеци кои не се у главните улоги.

# МАКЕДОНЕЦ

gordan 20.11.2017

колку гордо звучи овој збор! Колку понос носи со себе!
Сѐ додка не ја осетиш "традицијата" ☺
Роден у Кавадарци, срцето на Македонија (или барем местото кое се грижи за кардиолшкиот систем на Македониjата, макар да е тоа само за разредување на крвта со алкохол – читај ракија) и ако у времето на "најсилниот" кумунизам, црквата не ми беше далечна. Црквата ни беше стварно блиску и освен играењето околу црква, често т.е. секој верски празник влеваме у неа. Главен водич ни беше баба Зора, Господ да а просте. Жена донесена од село у град и приморана да живее у стан. Жена, мајка на 5 деца, која со дедо Боге морале да го отстапат целиот имот на "Колективот" за доброто на "братството и единството". Носител на медал "Заслуги за народ од 1941". Не комунист, верник. Верник на Македонската ПРВОСЛАВНА црква. Не е грешка напишано, она така а викаше, првославна црква.
У школото учителката Лилјана (наша комшика, и рода) ме научи дека човекот е постанат од мајмун – еволуција де. Покасно, кога почна мозокот да работе смостално и да размислува за "Светот и Господ", а не само на газози и д'га магарица, си створив некој став спрема црквата кој до ден денеска го имам, можеби Господ стварно не постое, ама црквата, таа Македонската првославна или православна, е главен кривец шо Македонскиот Народ опстанал и покрај тоа што со векови бил окупиран и е обиколен од неприатели.
Тоа се пренесува и тука, во "туѓината пуста да остане", во Швајцарија. Со години не зближува и не здружива, Македонците, верници на прво(право)славието.
Па така и вчера, 19 ноември од лето Господово 2017то.  Ден само за у црква, со причина и повод. Причина дека е недела и дека неделата е ден за у црква, повод покрај чиноначалствувањето на неговото Високоправосвештенство Метрополитот Европски г. Пимен и најавената промоција на книгата »Патувајќи«, од истиот владика. Литургијата на ниво, како шо личе каа владика е у црквата. Верници завиден број. Обеќа убав ден …
Заврши таа.
Промоција.
И сега, сега почнува "Македонската традиција".
Се дознава дека дека книги нема. Муабети, чекање, кога нема книга ќе има ли промоција??? Чекаме, се дружиме, и оп гледам друга книга.
Па така си купувам »МПЦО СВЕТИ НАУМ ОХРИДСКИ ТРИНГЕН ШВАЈЦАРИЈА

(1992 – 2017)« од Ацо Гиревски, издадена по повод 25 години од црквата во Шввајцарија и едно верско календарче за 2018та (со печатна грешка уште на третата страна).



Добро е.
Ќе има промоција и без книга.
Во помошните простории при Македонската првославна црква »Св. Наум Охридски« се собравме убав број на заинтересирани и неговото Високоправосвештенство Метрополитот Европски г. Пимен почна со презентација на книгата. Убаво ни раскажа како и зошто настанала книгата. Како зомените примероци ги потрошил патувајќи наваму. За прашања, не дојде ред. Владиката замина да направи едно крстување и вети дека кога ќе заврши ќе се врати и ќе продолжиме со прашањата.
Така и бидна.
Се врати во просторијата во која присутните чекајќи веќе ги искажаа своите "концепти" за прашања и кои веќе беа "спремни за дискусија".
Па така од прашањата за книгата остана само: дали владиката како свештенско и јавно лице смее да биде толку присутен на медиумите и социјалните мрежи…
После тоа муабетот забаега во правец на политика, филозофија и морал!
Како и во безброј досегашни средби и состаноци со Македонци "традиционално" секој лафе шо мисле и секој слуша шо мисле.
Џабе некој зборува и објаснува нешто кога секој веќе си има створено филм и нови кадрови не прифаќа…
Па така од една фина промоција, помина на пазарџииски муабет.
Заврши и таа.
Неговото Високоправосвештенство Метрополитот Европски г. Пимен и членовите на црковниот одбор се повлекоа и продолжија со состанок за решавање на нивните недоразбирања…
А ние си заминавме по дома.
Стигам дома, се растоварам. Уклучувам компјутерот ставам камерата да префрле фотографиите од денешниот ден (не се ногу 180 – 200) земам книгата »МПЦО СВЕТИ НАУМ ОХРИДСКИ ТРИНГЕН ШВАЈЦАРИЈА (1992 – 2017)« да ја прелистам и ЕЕЕЕ! Фотографија, таа е "моја" фотографија, листам… оп уште една, и уште една …
?!?!?!
чичко попе?
како како беше наа:
"не кради" ? а?
или наа:
"не посаковај туѓо" ? А?

2017то лето Господово! Сте слишнале/разбрале ли за телефон? За пошта, па макар и електронска (E-Mail) ???
Имате ли контакт со овоземскиот Свет?
Сте слушнале/разбрале за лична сопственост, авторски права?
А најногу шо ме нервира, ЗОШТО не праша некој па да ви дадам прекрасни фотографии од црквата, верниците, владиката (владиците) ?
На "фацебукот" (ако не знаете шо е тоа, прашај те го неговото Високоправосвештенство Метрополитот Европски г. Пимен он ќе ви објасни) веќе напишав и тука че повторам:
"Од Господ нека ви е простено, од мене благословено ЧЕДА наши…"



И така полека но сигурно сум убеден дека Македонија, Македонската нација, Македонската традиција НЕМА никогаш да ја снема. Имаме "чувари" на Македонштината во сите пори на општеството.
Пред неколку години изгубив верба во политичарите, од кога "добро" запознав еден од моите идоли за Македонството.
Полека и вербата во поповите бледее, оти "проповедаат вода, а сето вино го испија"

# за Македонцките работи

gordan 05.12.2017

Преди ногу години, коа бе по активен по тиа Македонските друштва и организации, како членови на ЗМД работеме на исти интереси и со човеците од МДД Македонија, Ешалан. Тоа е дури наму ки шо француски лафат. Тоа друштво, МДД Македонија во Ешалан и НАШЕТО МД Св. Кирил и Методиј во Баар, беа најактивни и со најбројно членство. Се правеа проекти и манифестации на швајцарско ниво да секоја друга странска заедница у Швајцаријата можеше само да ни завидува.
И после … дојде "политиката" од Македонија и до нашите иселеници во Швајцарија, ни а удрија ќифијата и толку. Се исподелиме на "наши", "ваши", "нивни" … па од тогаш неколку друштва со илјада членови, се направија илјадници друштва со по неколку членови ☹

Од сето тоа, мене ми останаа пријателства до ден денешен. Од тиа сите друштва остана само уште МДД Македонија во Ешалан кое стварно ја турка работата по Статутот од кога е формирано – вистинска интеграција на Македонците во Швајцарија и представување на Македонија пред Швајцарската јавност.
Па поканата од страна на МДД Македонија во Ешалан да на нивната традиционална "Новогодишна вечера" изложам неколку фотографии со Македонски мотиви со задоволство ја прифатив.
"На невидено!", тоа е зафркнато. Ама каа се оде кај приатели, неможе лошо да испадне! Така и изложбата кај МДД Македонија во Ешалан. Тргнаме да поставиме изложба на фотографии без да знаиме каде, како, колку, шо ...?
Ама каа те поканувaат приатели и кога ќе те пречекат каа приател, мора убаво да испадне. И испадна
Во прекрасен амбиент, скалапиме една мала презентација на задоволство на сите.



А таму – МИЛИНА! Познати човеци, срдечен дочек, пријатна атмосфера... за јадење човек да не расправа! Членовите на друштвото (во поголем број жените ) спремиле трпеза на задоволство на сите.
За разлика од тука во германското говорно подрачие на Швајцарија-поготово кај нас во кантонот кој е основач на Швајцарија, на "Новогодишната вечера" која ја организира МДД Македонија во Ешалан голем број може да се рече и половина од гостите беа швајцарци. Представници на локалните власти, од неколку општини во регионот, приатели на Македонците и швајцарци кои ги ценат овие нивни сограѓани.
(во централна Швајцарија за вакво нешто може само да сонуваме)
Но тоа не е туку-така дојдено. Тоа е резултат на опстојната работа на МДД Македонија во Ешалан.
Исто така тие, швајцарците, својот респект и приателство спрема Македонскиот народ го искажаја со нивните настапи, два машки хорови, со тоа што и двата хора во своите репертуари имаат по неколку Македонски песни.
Убаво е да гледаш како полека човеците се интегрираат, прилагодуваат, напреедуваат. Полека ги прифаќаме убавите работи.
Едноставно да уживаш кога си кај МДД Македонија во Ешалан.

Недела, втора изложба овој викенд.
Веќе познат терен и познати вкусови, а на сето одозгора и "едноставна инфраструктура" – па крфиите и за пола саат и тука накитени!



Како и секоја година, така и оваа, »Организацијата на жените од Македонија во Швајцарија – ОЖМ-Ш« во декември органиираше “Божиќна трпеза‟. И ако уште на почетокот на месец декември, во вистински “празнична‟ и приателска атмосфера.
Салата како и секогаш до сега исполнета до последното место. Зошто секој што бил еднаш на оваа, веќе традиционална, манифестација знае дека ќе помине прекрасен ден во друштво на приатели.
Како и секогаш до сега, за кулинарскиот празник се погрижија самите членки на »ОЖМ-Ш«, како и секој од присутните гости. Трпезата полна, богата и разноврсна, празник за очите и вкусовите…
Но членовите на »ОЖМ-Ш« се погрижија не само за гурманското уживање, тука беше и “матичната‟ музичка група »МЕРАКЛИИ« кои се погрижија за весело расположение.
А “изненадувањето‟ на денот беше балетската група која за момент (ма неколку моменти) ја остави публиката без здив и глас.
Ќе биде излишно да пишуваме дека сето беше безпрекорно организирано и дека стварно е милина да се биде гостин на овој настан… благодариме и до следната година.

После овој викенд останува прашањето, дали ова ќе бидат последните изложби од овој вид?!?!

А шо Македонец ќе бидам јас, ако не напишам нешто негативно???
И на двете места свиреа музичката група »МЕРАКЛИИ«, дечките се СУПЕР, си го знаат занаетот! Ама мора ли да забегуват накај кафанска музика??? На музичари како нив, добри, не им требаат појачала, ама млади се, може ќе приметат, а не би сакал да “забегат.
И уште малку па може ќе го надминиме и ноа да стоиме зад работите шо ги правиме. Човекот шо ми го скрши штафелајот: ништо немаше да изгубиш ако кажеше, “извини ја бе‟, а вака секојпат каа ќе ти се издише гумата на колата ќе мислиш на мене!!! ☺

# Брисачи

gordan 15.12.2017

Брисачите од колата у пазамарката, боневи за бензин, пар-непар денови за возење, ремонт на 100 000 км, …
Има такви работи кои никако да ги заборавe виа мозок кој полека заборава и

шо било летоска.
На времето сите работи ги разбираме од ‟Нова Македонија‟ радиото, телевизијата (по едно за секоја република) и од мазните весници шо идеа на трафиката (‟Ауто магазин‟ и ‟САМ свој мајстор‟). И секако најверодостојните информации, поуки и совети – од чаршијата.
А денеска, денеска за сѐ шо ти треба ‟www‟!!! А таму, исто каа на чаршијата, од мајстори до драпаџии, од романтичари до забегани. Секаде човек треба да си ‟отворе очите‟.



Пред некој ден, на една од којзна колкуте стотици телевизии, кажаа дека брисачите на колите (кои веќе не ги носиме по пазамарките, оти сеа палтињата имат џепови само за мобиљки – интелегнтни телефони!!!) они неморале да се мењат каа не бришат убаво. Доволно било да ги исчистиш убаво, да ги стругниш со гланцпапир и да ги ‟подмачкаш‟ со силикон!!! ТРИ ДЕНА ГИ ПЦУАМ, мамицаму да а …
Ама јас сум си крив, арно си знам дека силиконот само за други работи го бива. Јас сум ногу добродушен, верувам на сите. Дури и на ниа шо одкриле дека на Нов Зеланд пред 59’000’000 години живееле пингвини големи колку човек! БРЕ! Како израчунате 59’000’000??? оти ние 60 или 55 милиони? Ама се гледа дека научниците се од америката, таму цените се секогаш ххх9.99!
Па така после повеќедневно нервирање и незнам колку проби со сите течности шо растварат нешто, колку толку пак може да си ја возам колата без да ги пцуам виа од телевизијата.
А шо да кажам, јас мислам дека виа шо прават брисачи знаат шо кола ќе купам па само мене да ме заебават, БАШ таа големина е дупло поскапа од ‟нормалните‟! А и тоа брисачи ли се, ѓоа црева, сај се виткат, шкрипат, тропат, ама да избришат нешто?!?! ЈОК! Не да ги носиш у пазамарката, и 100 денари да им врзиш не ги зима никој! Порано тоа беа брисачи, една големина за Фиќо, една за 101 и една за сите други ПеЗетки, Лади, Фиати… и бришење, крмнак од 378 кила да се залепе на шофершајбната ќе го изгребе у два пати. А сега, еден комарец да се залепе на шофершајбната со саати сај ќе го размачкува по џамот… мислиш брисачите ги прават ниа друштвата за заштита на комарци и дуги штетни и корисни инсекти.
Ништо, ‟поминувачка нека има‟. Сега зомото ќе го претераме со тиа брисачи шо ги имаме, нека ја гребат солта, а на пролет ќе си купам пак (со надежд) најубави брисачи за да три недели после тоа пак почнам да ги пцуам тиа шо

продават срање. А не е дека не сум напишал на тиа "признати и прочуени" фирми дека прават сè повеќе и повеќе само шкарт! Мислиш ги интересира нив моето мислење?!?!? Они па си штанцат продукти у Кина, си наплаќаат по европски и шефовите си живеат светски!

И така иде крајот на ваа година со број 2017. Година за заборавање. Ама година која ќе а памтиме. Една од ниа не ногу убавите. Затоа и се радуваме на најновата уште не дојдена. Си обеќаме дека у НОВАТА ќе бидиме попаметни и ќе го користиме времето поинтензивно. И ќе се молиме на чичко Господ да биде со нас и со нашите мили.